**Институција за електронски пари ИУТЕ ПЕЈ ДООЕЛ Скопје**
Политика за приватност
**Применлива од:** 25.03.2026 година

Ние, **Институција за електронски пари Иуте Пеј ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 7822553**, со седиште на ул. Столтенбергова бр.4/Ламела А – ДП 1, Скопје; e-mail: iutepay@iute.mk (**"Друштвото"** или **"Контролорот"** или **"ние"** или **"нас"**), прибира и обработува лични податоци на физички лица, наши клиенти, договорни страни или други страни на Македонскиот пазар (**"Вие"** или **"Вас"**). Друштвото е небанкарска финансиска институција запишана во регистарот на трговски друштва во согласност со Законот за платежни услуги и платни системи, а кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија, и согласно Решение бр.15-4430/22 од 07.07.2025 година на Народната банка на Република Северна Македонија. Ние сме целосно запознаени со нашата обврска да обезбедиме заштита на Вашите лични податоци, со обврската да обезбедиме усогласеност со применливата законска регулатива во областа на заштита на личните податоци.

Со оваа Политика за приватност (**"Политиката"** или **"Политиката за приватност"**) Ние го прикажуваме начинот на кој собираме и користиме Лични податоци. Политиката ги опишува методите кои се користат и за кои цели Друштвото и, соодветно, нашите даватели на услуги, ги обработува податоците прибрани од и за Вас во рамки на понудување на нашите услуги и склучување на договори, вклучувајќи ги договорите за платежна сметка или кога Вие ја посетувате или ги користите нашите услуги преку веб страната http://iute.mk/ (**"Веб страната"**) или преку телефонскиот број 13333 (**"Телефонска поддршка"**) или преку апликацијата МојИуте (**"MyIute"**) или било кој друг канал кој би можел да биде достапен, вклучувајќи и услуги на Групата преку трети лица (**во понатамошниот текст: "Достапни канали"**). Исто така даваме објаснување за правата на субјектите и нашите обврски и одговорност

**Важно!**

Прочитајте ја оваа Политика внимателно. Содржани се битни информации за тоа како Ние обработуваме Лични податоци и ги објаснува Вашите законски права. Намената на оваа Политика не е да ги промени условите на било кој договор кој ќе го склучите со Нас, ниту на Вашите права согласно применливите закони за заштита на личните податоци.

**Ние не обработуваме лични податоци за лица под 18 години.**

**Ве молиме да не ни ги давате Вашите лични податоци, ако сте под 18 години.**

**Ние бараме и Ваша поддршка за одржување на вашите лични податоци со тоа што не информирате за било која промена во Вашите Лични податоци.**

Со давањето на Вашите Лични податоци или користењето на Достапните канали, Вие ни верувате и доброволно ги прифаќате условите од оваа Политика за приватност.

Доколку Вие давате податоци за друго лице во нивно име, Вие треба да се осигурате дека на тоа лице е доставена оваа Политика за приватност и дека се испочитувани законските барања пред да ги доставите податоците.

1. **КОНТРОЛОР**

1.1 Заеднички контролори се **Институција за електронски пари ИУТЕ ПЕЈ ДООЕЛ Скопје,** Иуте Груп АС (Iute Group AS), Финансиско друштво Иуте Кредит Македонија ДООЕЛ Скопје и Осигурително брокерско друштво Иуте Сафе АД Скопје (во понатамошниот текст заедно наеркувани: "Контролор"):

**Институција за електронски пари ИУТЕ ПЕЈ ДООЕЛ Скопје, ЕМБС 7822553**
Седиште: ул.Столтенбергова бр.4, Ламела А/ДП 1, Скопје

**Контакт лице (нашиот офицер за заштита на лични податоци) за било какви коментари, прашања или информации:** Татјана Давчев, e-mail: dpo@iute.mk

**Иуте Груп АС (Iute Group AS), регистарски број 11551447**
**Седиште:** Маакри бр.19/1, Талин, 10145, Естонија

**Контакт лице (нашиот офицер за заштита на лични податоци) за било какви коментари, прашања или информации:** Карол Анук (Carol Annuk) e-mail: dpo@iute.com

**Финансиско друштво ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, ЕМБС 7221290**
Седиште: Ул. 1732 бр.4 Ламела А/ДП 1, Скопје

**Контакт лице (нашиот офицер за заштита на лични податоци) за било какви коментари, прашања или информации:** Татјана Давчев e-mail: dpo@iute.mk

**Осигурително брокерско друштво ИУТЕ САФЕ АД Скопје, ЕМБС 7796331**
Седиште: ул. Пиринска бр.29, Скопје

**Контакт лице (нашиот офицер за заштита на лични податоци) за било какви коментари, прашања или информации:** Татјана Давчев e-mail: dpo@iute.mk

2.2 Контролорот е во целост одговорен за правилна и законска обработка на Личните податоци кои можеме законски да ги обезбедиме од Вас.

## 2. ДЕФИНИЦИИ И ПОИМИ

Во Законот се предвидени бројни дефиниции и не е соодветно да се пренесат сите овде. Но, најзначајните дефиниции во однос на оваа Политика се:

“**Група**” – Iute Group AS и подружниците.

„**Контролор**“ е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на Вашите Лични податоци.

„**Личен податок**“ е секоја информација која се однесува на Вас, вклучувајќи податоци обезбедени од јавни регистри и јавни бази и податоци законски обезбедени преку трети лица, преку кои Вие може да бидете директно или индиректно идентификувани, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, телефон или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за Вашиот идентитет;

„**Обработка на личните податоци**“ е секоја операција или збир на операции кои можат да бидат извршени врз Вашите лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување;

„**Псевдонимизација на Лични податоци**“ или “**Анонимизирање на Лични податоци**“ е алтернатива на бришење или уништување на Вашите Лични податоци. Со ова се отстрануваат сите

елементи кои со кои директно или индиректно може да бидете идентификувани. Псевдонимираните или анонимизираните податоци, не претставуваат Лични податоци.

“**Закон**” – Закон за заштита на личните податоци (Службен весник бр.42/20, 294/21 и 101/25)

3. **НАЧЕЛА ПОВРЗАНИ СО ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

3.1 Ние ги Обработуваме Вашите Лични податоци во согласност со применливи закони, вклучувајќи ги Законот за платежни услуги и платни системи, Законот за заштита на личните податоци, Законот за Македонско кредитно биро, Законот за спречување перење пари и финансирање тероризa, оваа Политика и условите од договорите кои ги склучуваме со Вас.

3.2 Ние ги Обработуваме Вашите Лични податоци на сигурен и доверлив начин. Ние го почитуваме правото на секое лице за заштита на нивните Лични податоци и ќе вложиме најголеми напори да осигураме дека Личните податоци прибрани од наша страна се соодветно заштитени. Ние редовно ги оценуваме ризиците поврзани со Обработката на Личните податоци и ќе имплементираме соодветни стратегии за нивно ублажување и отстранување на ризиците.

3.3 Заштитата на личните податоци е интегрален дел од нашите услуги и е надгледувана од нашиот офицер за заштита на личните податоци. Ние обезбедуваме дека нашите вработени знаат и се усогласени со барањата за заштита на лични податоци. Ние очекуваме, даваме инструкции и ги обучуваме нашите вработени да ги почитуваат нашите процедури за заштита на личните податоци.

3.4 Ние ги обработуваме Вашите Лични податоци согласно со закон и за легитимни цели. Ние поставуваме јасни цели за Обработката на личните податоци и ги обработуваме лични податоци единствено за тие цели. Ние не прибираме лични податоци кои не ни се потребни. Ние имаме право да ги избришеме/“замаглиме“ или на друг начин да ги направиме податоците/документите доставени до Нас нечитливи и кои не се потребни за обезбедување на нашите услуги.

3.5 Ние ги Обработуваме Вашите Лични податоци на транспарентен и правичен начин. Ние обезбедуваме соодветна заштита, правичен и законит начин на Обработка на Вашите Лични податоци со цел да неовластено обелоденување или употреба на Вашите Лични податоци.

3.6 Ние ги чуваме Вашите Лични податоци во рок кој е пропишан со закон или договор или е потребен за обезбедување на нашите услуги и/или заради нашите легитимни интереси. На крајот на рокот за чување, Ние трајно ќе ги избришеме Вашите Лични податоци или ќе ги анонимизираме.

3.7 Ние вложуваме најдобри напори да обезбедуме дека Вашите Лични податоци кои ги обработуваме се точни и и ограничени на она што е неопходно.

4. **КАКО НИЕ ГИ ПРИБИРАМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Ние може да ги прибереме и обработиме Вашите Лични податоци во следните случаи:

- Доколку Вие не контактирате преку било кој од Достапните канали да побарате информација за нашите производи и услуги;
- Доколку ја посетите нашата Веб страна или Мобилна апликација
- Доколку Вие ни ги дадете Вашите или податоците за Вашето контакт лице или претставник кога поднесувате барање за кредит преку било кој од Достапните канали;
- Доколку за одредени податоци со закон е предвидено давање на писмена согласност, таквата согласност Вие ќе ја дадете или во деловните простории на Контролорот или во просториите на нашите агенти или во случај на електронски канали со обележување на

соодветно поле/полиња, во кој случај согласноста е изедначена со согласност дадена во писмена форма;

- Преку проверки во бази на податоци, како на пример Македонско кредитно биро, регистарот на сметки, Фондот за здравствено осигурување, Министерството за внатрешни работи итн.;
- Доколку Вашите податоци се достапни за времетраење на договор за обезбедување на услугите на Контролорот;
- Доколку Вие се согласите за директен маркетинг, на пример при пополнување на изјава или поднесување на податоци електронски;
- Доколку други правни лица, вклучувајќи партнери, други даватели на платежни услуги, банки направат дозволен пренос на Вашите Лични податоци до Нас;
- Кога Вие доброволно ги споделувате Вашите Лични податоци на профили или онлајн платформи на трети страни со кои Ние имаме соработка и преку кои Вие ги користите нашите услуги.

5. **КОИ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ГИ СОБИРАМЕ**

5.1 За да можеме да ви ги овозможиме платежните услуги и да ги исполниме обврските како институција за електронски пари, Ние ги обработуваме Вашите Лични податоци. Без тие Лични податоци Ние не би биле во можност:

- да ги исполниме нашите обврски за идентификација на клиент
- да склучиме договор со Вас
- да овозможиме плаќања и други функционалности на Мобилната апликација Mylute

5.2 Следните категории на лични податоци може да бидат собрани од Вас или вашиот застапник или контакт лице, зависно од тоа дали Вие сте потенцијален клиент, клиент или договорна страна и која наша услуги користите:

**Лични информации**

Вашето име и презиме, пол, ЕМБГ, датум на раѓање, деловна способност, државјанство, емаил адреса, телефонски број, како и историски податоци кои се зачувани кај нас при претходни комуникации во рамки на предвидените периоди на чување; Името на Вашиот алтернативен контакт, кое ни го давате Вие, вклучително и податоците добиени при нашите проверки, доколку се собрани такви податоци во нашата база на поврзани лица; Име и презиме, ЕМБГ, живеалиште или престојувалиште, телефонски број и други податоци за Вашиот застапник наведени во полномошно, во случаите кога сте овластиле трето лице да Ве застапува пред Друштвото.

**Документ за идентификација**

Видот на Вашиот документ за идентификација или на документот за идентификација на Вашиот застапник, земја во која е издаден, регистарски број, датум на важност, податоци запишани во баркодови на документот (во зависност од видот на документот) и безбедносни карактеристики.

**Податоци при препознавање на лице**

Фотографии, видеа, тонски записи, фотографии направени од Вас или Вашиот застапник и Вашиот или на Вашиот застапник документ и видео и тонски запис во процесот на верификација на идентитетот.

**Податоци собрани во врска со спроведување на мерки за усогласеност со прописи**

Во рамките на нашите регулаторни обврски согласно Законот за спречување на перење пари и финансирање тероризам (ЗСППФТ) и другите важечки закони, Иуте Пеј ДООЕЛ Скопје може да побара и да ги обработува следниве податоци:

Вашата професија, работодавач, работна позиција и индустрија; Износ и извор на приход – месечен или годишен приход, даночни пријави, договор за вработување или други документи што докажуваат приход; Извор на средства – банкарски изводи, изводи, фактури, договори, заштеди, продажба на средства, позајмени средства и други такви документи; Изјава за носител на јавна функција, статус на санкциони листи и останати листи итн.; Изјава или потврда(и) за тоа како сте ги стекнале средствата кога трансакциите се значајни или постои ризик од злоупотреба; Документи и податоци потребни за потврда на вашиот идентитет и овие дополнителни околности.

Доколку не ги обезбедите побараните податоци или документи, тоа може да влијае на нашата способност да ви обезбедиме одредени услуги или да процесираме плаќања и платежни трансакции.

**Финансиски податоци и податоци за платежните трансакции**

Заради спроведување на платежните трансакции и останатите платежни услуги, вклучувајќи го и издавањето и откупот на електронски пари Иуте Пеј ДООЕЛ Скопје може да ги обработува следниве лични податоци во врска со платежните трансакции, плаќања и финансиски статус: Податоци за платежна сметка: IBAN, број, име на сопственик, број на клиент; тип на сметка; Податоци за извршени и примени плаќања: датум, време, износ, валута, примател, основа, локација (каде што е релевантно); Податоци за платежен инструмент (ако е применливо): картички, директно задолжување, други инструменти, идентификациски број или сметка на клиент, статус на сметка, историја на трансакции во Мобилната апликација, Извор на средства/потекло на богатството: финансиски документи како банкарски изводи, договор, фактури, заштеди, позајмени средства, приход – кога тоа го бара законот или кога трансакциите/износите или ризикот го бараат тоа Следење на трансакции за сомнителни активности, детали за грешки или одбивања во плаќањето, причините за одбивање (кога се наплатени).

**Технички податоци**

Вашите или Вашите претставнички податоци за потпис на уредот, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на информации за датумот, времето и активноста на Вашите или Вашите претставници на нашите достапни канали, IP адресата, колачиња што Вие или Вашиот претставник сте ги прифатиле, домен име, софтверските и хардверските атрибути на Вашите или Вашите претставници, како и општата географска локација на Вашите претставници (на пр. град, земја).

Инсталирани апликации со далечински пристап (ако е дозволено); Користење на push известувања.

**Податоци од надворешни бази на податоци**

Јавни регистри: Единствен регистар на сметки (ЕРС), Централен регистар на население, Министерство за внатрешни работи, Информации од други даватели на платежни услуги и провајдери на KYC/AML услуги; Податоци од поврзани трети страни (на пр. ако сте наведени како полномошник, корисник, контакт лице); Информации од социјални мрежи или онлајн извори, користена за подобрена длабинска проверка, каде што е законски дозволено; Податоци од други корисници на Иуте Пеј кои можеби ви се достапни идентификувајќи се како учесник во трансакција или како измамнички однесување.

**Податоци за комуникација**

Податоци поврзани со вашите посети и користење на Мобилната апликација Mylute и податоци базирани на комуникацијата, преку другите достапни канали, визуелни и/или аудио снимки собрани за време на вашите посети на нашите експозитури или други места каде што ги обезбедуваме нашите услуги, како и податоци собрани во врска со нашите телефонски комуникации, како и сите други податоци собрани преку е-пошта, преку пораки, социјални платформи или други средства за комуникација. Дополнително, анонимизирани бихејвиорални и технички мета информации се собираат преку вградени SDK-ови. Ова вклучува тип на уред, оперативен систем, јазични поставки, мрежни податоци (на пр., IP адреса, тип на мрежа), шеми на користење на апликации и метрики за ангажман. Бихејвиоралните метаподатоци, како што се времетраењето на сесијата, навигацијата на екранот и трендовите на интеракција на корисниците, се обработуваат статистички без можност за лична идентификација.

**Податоци за маркетинг**

Преференции за примање маркетинг пораки; Податоците добиени со анализа на вашата активност со цел персонализација на содржината (каде што е дозволено со закон).

6. **ЗОШТО И ВРЗ КОЈ ОСНОВ ГИ ОБРАБОТУВАМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

6.1 Главната цел заради која Ние ги Обработуваме Вашите лични податоци или личните податоци на Вашиот застапник е воспоставување на деловен однос, склучување и раскинување на договори за кредит, спроведување на мерки на анализа согласно закон, обезбедување на подобра корисничка услуга за Вас, давање на понуди, анализирање на искористеноста на постоечките услуги и развој на нови услуги.

6.2 Ние исто така Обработуваме Лични податоци за целите на маркетинг, безбедност и/или аналичтички цели, со цел да обезбедиме првокласни производи и услуги за Вас, сега и во иднина

6.2 Ние ги Обработуваме Вашите Лични податоци за следните цели и врз следните основи:

**Цел на обработка**

Ние одлучуваме дали и под кои услови ќе воспоставиме деловен однос или ќе склучиме договор или под кои услови ги даваме нашите услуги.

**Законски основ за обработка**

Исполнување на договор или исполнување на законска обврска или заради имплементирање на преддоговорни мерки.
Член 10 ст. 1 алинеи 2, 3 и 6 од Законот

**Цел на обработка**

Обезбедување и извршување на платежни услуги, вклучувајќи прифаќање, иницирање, обработка и извршување на кредитни трансфери, како и поврзани дополнителни активности.

**Законски основ за обработка**

Исполнување на договор или заради имплементирање на преддоговорни мерки или заради исполнување на законска обврска или нашиот легитимен интерес во однос на управување со ризици.
Член 10 ст. 1 алинеи 1, 2 и 3 од Законот

Исполнување на законска обврска од Законот за платежни услуги и платни системи.

**Цел на обработка**

Издавање и откуп на електронски пари.

**Законски основ за обработка**

Исполнување на договор заради издавање и/или откуп на електронски пари.

Член 10 ст.1 алинеи 1, 2 и 3 од Законот

Исполнување на законска обврска од Законот за платежни услуги и платни системи.

**Цел на обработка**

Спроведуваме мерки за спречување перење пари и финансирање на тероризам и извршуваме обврски кои произлегуваат од закон. Ова вклучува и идентификација и верфикација на идентитетот како и мониторинг на Вашите трансакции со нас и вашиот перформанс.

**Законски основ за обработка**

Исполнување на законска обврска од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам.
Член 10 ст. 1 алинеја 3 од Законот

**Легитимен интерес**

Управување со ризикот од перење пари и финансирање тероризам.
Член 10 ст. 1 алинеја 6 од Законот

**Цел на обработка**

Обработка на податоци во врска со платежни трансакции, вклучувајќи извршување, одбивање, одложување, комуникации, побарувања, плаќања до и од трети страни, како и регистрација и складирање на податоци за извршени платежни трансакции.

**Законски основ за обработка**

Исполнување на договор заради издавање и/или откуп на електронски пари.
Член 10 ст.1 алинеи 1, 2 и 3 од Законот

Исполнување на законска обврска од Законот за платежни услуги и платни системи и Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам.
Член 10 ст.1 алинеја 6 од Законот

Легитимен интерес Обезбедување транспарентност, докази и заштита на интересите на страните во евентуален спор.
Член 10 ст. 1 алинеја 6 од Законот

**Цел на обработка**

Обработка на вашите лични податоци со цел профилирање и автоматизирано донесување одлуки.

**Законски основ за обработка**

Исполнување на договорни обврски склучени со Вас.
Член 10 ст.1 алинеи 1 и 2 од Законот

Легитимен интерес: Зголемување на ефикасноста, последователноста и објективноста при управување со ризиците

Член 10 ст.1 алинеја 6 од Законот.

**Цел на обработка**

Ние ги намалуваме или спречуваме ризиците кои би можеле да наштетат на Вас или Нас и ги штитиме Вашите и Нашите интереси и квалитетот на нашите услуги, како и собираме докази за деловните трансакции или останата деловна комуникација. Тоа може да вклучува видео надзор за цели различни од потврдување на Вашиот идентитет како и снимање на телефонските разговори, онлајн комуникација, разговорните сесии за цели различни од давање на нашите услуги.
– Може да е потребна ваша согласност

**Законски основ за обработка**

Вашата согласност, исполнување на договорни обврски или имплементирање на преддоговорни мерки, исполнување на законски обврски или наши легитимни интереси за спречување, ограничување или испитување на злоупотреби или незаконско користење на нашите производи и услуги или прекини во услугите со цел гарантирање на квалитетот на услугите.
Член 10 ст. 1 алинеи 1 и 6 од Законот

**Цел на обработка**

Ние дозволуваме пристап до и користење на нашата Веб страна и Мобилната апликација Mylute.

**Законски основ за обработка**

Исполнување на договорни обврски или имплементирање на преддоговорни мерки или Нашиот легитимен интерес да спречиме неовластен пристап до нашата Веб страна.
Член 10 ст. 1 алинеи 2 и 3 од Законот

**Цел на обработка**

Ние ги развиваме нашите системи.

**Законски основ за обработка**

Нашиот легитимен интерес за функционирање и подобрување на системите.
Член 10 ст. 1 алинеја 6 од Законот

**Цел на обработка**

Ние ги проверуваме и доколку е потребно, ги ажурираме Вашите Лични податоци, управуваме односите со клиентите, чуваме ажурни податоци и ги ажурираме со проверки преку надворешни и внатришни извори, како и бараме ажурирање на податоците директно од Вас.

**Законски основ за обработка**

Исполнување на договорни обврски, имплементирање на преддоговорни мерки и исполнување на законски обврски.
Член 10 ст. 1 алинеи 2 и 3 од Законот

**Цел на обработка**

Ние ви испраќаме реклами и понуди, вклучувајќи персонализирани понуди од производите и услугите на нашите партнери.
– Може да е потребна ваша согласност.

**Законски основ за обработка**

Вашата согланост или нашиот легитимен интерес за давање дополнителни услуги.
Член 10 ст. 1 алинеи 1 и 6 од Законот

**Цел на обработка**

Ние организираме наградни игри и кампањи.
– Може да е потребна ваша согласност.

**Законски основ за обработка**

Вашата согласност или нашиот легитимен интерес за давање дополнителни услуги.
Член 10 ст. 1 алинеи 1 и 6 од Законот

**Цел на обработка**

Ние сакаме да ги разбереме подобро Вашите очекувања (пр. Анализи на посетите на Веб страната, анкети на клиенти итн.). За нашите деловни цели, како што се анализа на податоци, сертифицирање, развивање нови модели, идентификување на трендови според активностите на Веб страната или Мој Иуте, развој на прилагодена средина на Веб страната или Мој Иуте преку воведување на производи и услуги кои се прилагодени на Вашите лични потреби или мерење на ефикасноста на нашите промотивни кампањи.
– Може да е потребна ваша согласност

**Законски основ за обработка**

Ваша согласност или нашиот легитимен интерес за усовршување на нашите Услуги, подобрување на корисничкото искуство, развој на нови производи и услуги.
Член 10 ст. 1 алинеи 1 и 6 од Законот

**Цел на обработка**

Користење колачиња за подобрување на корисничкото искуство, обезбедување основни функционалности, анализа на користењето на сајтот и обезбедување персонализирана содржина и реклами.

**Законски основ за обработка**

Согласност: Потребна е за несуштинските колачиња, како за аналитички цели, маркетинг и персонализација
Член 10 ст. 1 алинеја 1 од Законот.

Легитимен интерес: Обезбедува ефективно функционирање на MyIute, вклучувајќи безбедносни карактеристики и основни операции на сајтот
Член 10 ст. 1 алинеја 6 од Законот (во однос на строго неопходните колачиња)

**Цел на обработка**

Опционални функции за peer-to-peer плаќања и откривање на корисници преку мобилен број.

**Законски основ за обработка**

Мобилната апликација MyIute е заедничка платформа што ги користат Заедничките контролори. Можноста за плаќања со мобилен број и P2P трансфери преку мобилен број се обезбедуваат исклучиво како дел од платежните услуги на Иуте Пеј ДООЕЛ Скопје и се достапни само за корисниците на Иуте Пеј ДООЕЛ Скопје.

Согласност: Со активирање на можноста други корисници на Компанијата да ве најдат по мобилен број, давате согласност вашиот мобилен број да се користи само за оваа цел и исклучиво за иницирање на плаќања.

Член 10 ст. 1 алинеја 1 од Законот. Согласноста може да се повлече во секое време преку поставките на Мобилната апликација Mylute.

## 7. ПРОФИЛИРАЊЕ И АВТОМАТСКО ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ

7.1 Ние може исто така да ги Обработуваме Вашите Лични податоци заради автоматско донесување на поединечни одлуки, вклучително и профилирање, пришто се користат Вашите податоци од профилот (лични информации и економски податоци). Обработката е фер и транспарентна и без дискриминација помеѓу Вас и други клиенти и заради склучување/исполнување на договор и нашиот легитимен интерес.

7.2 Ние ги користиме профилирањето и автоматското донесување на одлуки затоа што потенцијално обезбедуваат поголема конзистентност и фер однос во процесот на донесување на одлуки (пр. Намалување на можноста за човечка грешка, дискриминација или злоупотреба на должност), намалување на ризикот од неплаќање од страна на клиентите за производите и услугите (пр. Преку креирање на кредитен рејтинг) или овозможување за донесување на одлуки во краток период и со тоа подобрување на ефикасноста. Ние, исто така ги користиме профилирањето и автоматското донесување на одлуки со цел да Ви дадеме маркетинг материјал како и да вршиме мониторинг на трансакциите и спречување на измами.

7.3 Ги следиме одредбите од Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на податоци, достапна на : https://www.dzlp.mk/mk/domasni_propisi

## 8. ПРЕД-ДЕФИНИРАНИ ПОЛИЊА

8.1 Ние може да користиме пред-дефинирани полиња за Вашите контакт податоци во нашите дигитални Достапни канали и други системи со цел да ги направиме нашите услуги попогодни. Полињата се пред-дефинирани доколку сте ги внеле Вашите Лични податоци во полињата во нашите дигитални канали и други системи и доколку сте наш клиент. Ние ќе ги пополниме пред-дефинираните полиња со Вашите податоци кои сте ни ги доставиле при склучување на последниот договор. Вие мора секогаш да проверите дали податоците во пред-дефинираните полиња се точни.

8.2 Доколку не сакате Вашите контакт детали да бидат пополнети во пред-дефинираните полиња во Нашите дигитално Достапни канали или други системи, имате право да се откажете од оваа опција. Контактирајте не за да го спроведеме ова.

## 9. ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ЗАРАДИ МАРКЕТИНГ

9.1 Возможно е Вашите лични податоци да бидат споделени со Групата заради маркетинг цели. Доколку таквата обработка е врз основа на Ваша согласност, Вие имате право да ја повлечете таквата согласност во секое време. Доколку пак обработката не е врз основа на Ваша согласност, Вие може да одбиете да добивате такви известувања во секое време, исто така. Со цел да ја повлечете Вашата согласност за добивање на маркетинг материјали, ве молиме да испратите порака на нашите контакти или управувајте со Вашите согласности преку нашите Достапни канали. Насоките за повлекување на согласноста се исто така вклучени во нашата маркетинг комуникација.

9.2 Општите информации за нашите услуги и воведните или помошните информации или известувања заради иземни во условите или тарифата или информации поврзани со исполнување на обврските од договор кој сме го склучиле со Вас (пр. Известувања за доцнење со уплати,

долгови, раскинување на договор итн.) не се сметаат за маркетинг. Во овие случаи, Ви не можете да одбиете да добивате такви информации.

## 10. ПРЕНОС НА ПОДАТОЦИ ДО ТРЕТИ СТРАНИ

10.1 Ние ќе ги обелодениме и/или пренесеме Вашите Лични податоци:

10.1.1 на друштво во рамки на Групата за да: (1) се усогласиме со барањата за управување со ризици и контролни механизми; (2) организираме стратешко истражување и анализа на пазарното учество на крупи на клиенти, производи и услуги и други финансиски индикатори; (3) се усогласиме со применливите прудентни норми, вклучувајќи ги капиталните и ликвидносни барања; (4) склучиме и спроведеме договори и да Ви дадеме информации за договорите кои сте ги склучиле со лица кои припаѓаат на иста Група со Нас; (5) се усогласиме со принципот на одговорно кредитирање; (6) развиеме и имплементираме информатички систем за целата Група; и (7) имплементираме мерки на анализа како што е наведено во законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам;

10.1.2. на лица и организации поврзани со давањето на нашите услуги и исполнувањето на договорите кои сме ги склучиле со Вас (пр. Гаранти, сопственици на предмет на залог, посредници при плаќања, кредитни институции, меѓународни картични организации, преведувачи, даватели на ИТ и поштенски услуги, даватели на контакт центар услуги);

10.1.3. во кредитниот регистар на Македонско кредитно биро или еднаков на него до кој испраќаме информации и од кој добиваме информации врз основа на закон или важечки договор со цел имплементирање на принципот на одговорно кредитирање, и исто да се овозможи трети лица да пристапат до податоци за вашата редовност во отплата и кредитна способност. Податоците за Вашето можно доцнење со плаќања се обелоденуваат во кредитниот регистар или еднаков на него и пренесените Лични податоци може да бидат обработени од секое лице кои се членови во таквиот регистар или кои можат да пристапат до таквиот регистер по друг основ;

10.1.4. во други регистри (пр. Регистар на население, комерцијални регистри, кредитни регистри итн.) до кои ние доставуваме и од кои ние бараме Ваши Лични податоци со цел проверка на точноста и интегритетот на Вашите Лични податоци или заради имплементирање на преддоговорни маерки или договор склучен со Вас;

10.1.5. на трети лица заради обезбедување на услуга побарана од Ваша страна;

10.1.6. на давателите на услуги на кои делумно или целосно сме го довериле извршувањето на активностите под услови предвидени со закон и под услов дека таквите лица ги исполнуваат барањата за технички и организациски мерки, физичка безбедност и информатички системи укажани од нас во однос на доверливоста и заштитата на Личните податоци;

10.1.7. на кредитни институции, кредитори, даватели на услуги за наплата на побарувања и други трети лица со кои би воделе преговори за пренос на договорот кој сме го склучиле со ВАс или откажување од побарувањата од таквиот договор;

10.2 Во одредени случаи, можеби ќе бидеме обврзани да ги обелодениме и пренесеме Вашите Лични податоци заради исполнување на законски обврски – владини и други органи, институции, осигурителни компании, осигурителни брокери, банки и институции во рамки на нивните активности и во согласност со Законот, Закон за заштита на личните податоци и останати прописи во Македонското законодавство (пр. Пренос на податоци до извршители, нотари, ликвидатори, стечајни управници, даночни и царински управи, или Управата за финансиско разузнавање).

11. **ПРЕНОС НА ПОДАТОЦИ ВО ТРЕТИ ЗЕМЈИ**

11.1 Ние ги Обработуваме Вашите Лични податоци во Република Северна Македонија и Европскиот економски простор, но би можело да има случаи во кои би морале да ги пренесеме Вашите Лични податоци, и истите да бидат обработувани, во земји надвор од Европскиот економски простор.

12. **КАКО ГИ ШТИТИМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

12.1 Ние ги заштитуваме Личните податоци со стриктно почитување на важечката Македонска регулатива и принципите од Законот, како и рамката поставена со директивите на Европската унија за заштита на Личните податоци (вклучувајќи ја и Директивата (EU) 2016/679).

12.2 Вашите податоци се чуваат на наши безбедни сервери или на серверите на наши даватели на услуги или деловни партнери (или во одредени случаи податоците се исто така чувани во хартиена форма, исто предмет на соодветна заштита). Податоците се достапни и се користат во согласност со нашите безбедносни политики и стандарди (или оние на нашите даватели на услуги или деловни партнери), секогаш во согласност со применливите закони и потребните безбедносни мерки.

12.3 Иако не можеме да гарантираме дека преносот на податоци преку интернет, Веб страната или Мој Иуте е во целост заштитен од сајбер напади, ние и нашите деловни партнери вложуваме напори да одржуваме технички и организациски мерки за физичка и лична заштита и заштита на автоматизираните информациски системи во врска со Вашите податоци во согласност со применливите закони. На пример, ние ги применуваме следните мерки:

12.4 Стриктно лимитирање на пристап од нашите вработени и даватели на услуги до Вашите податоци, и тоа на основа “потребно да знае“ и за да ја постигнеме целта на обработката на основот “потребно да знае“;

12.5 Личните податоци се чуваат електронски во бази на податоци и заеднички фолдери заштитени со лозинка или друг вид на авторизација; се спроведува надзор и заштита од вируси; се создаваат копии и “backups“ заради континуитет; системите исто така чуваат историја на логови за активностите со документите;

12.6 Во просториите на Контролорот, во кои се обработуваат Лични податоци, имплементирани се тхнички и безбедносни мерки (аларм и безбедносна опрема и видео надзор), заштита од пожар, имплементирани се процедури за контрола на пристап;

12.7 Вработените кај Контролорот кои обработуваат Лични податоци се запознаени со законската регулатива, политиките на Контролорот и идентификуваните ризици и сценаријата за нивно настанување;

12.8 Системите за обработка на податоци, вклучително и лични, се предмет на редовни контроли. За целите на целосно следење и навремен одговор, записите со информација за секој пристап и активност преземен во врска со Личните податоци се чуваат од Контролорот. Полнењето на записите е целосно автоматизиран и интегрален дел од Обработката на податоците. Контролорот, преку јасните внатрешни правила, има имплементирано технички и организациски мерки за условите и процедурите за собирање, обработка и чување во оригинал на Личните податоци од клиентите, како и стриктни правила за надзор над усогласеноста; таквиот надзор обезбедува сеопфатна заштита од недозволен пристап;

12.9 Договорни одредби за заштита се предвидени во договорите со третите лица кои делуваат во име на Контролорот;

12.10 Кога ние Ви доставуваме (или одбираме да Ви доставиме) лозинка со која Вие добивате пристап до одредена локација на Веб страната или друг портал или услуга која ние ја обезбедуваме, Вие сте одговорни за доверливоста на лозинката и за усогласеност со било која друга безбедноста процедура за која ќе Ве известиме. Ве молиме, не ја споделувајте лозинката со друг.

## 13. КОЛКУ ДОЛГО ГИ ЧУВАМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

13.1 Ние ги обработуваме Вашите Лични податоци онолку колку што е потребно за исполнување на целта на Обработката или исполнување на законска обврска. Периодот на чување на Личните податоци е врз основа на договор склучен со Вас, наш легитимен интерес и/или закон. Доколку Вашите податоци се обработувани за повеќе од една цел, Ние ќе ги чуваме за најдолгиот предвиден период; но нема да ги обработуваме за целите со пократок период на чување, по истек на тој рок.

13.2 Ние го ограничуваме пристапот до Вашите податоци до оние лица кои мораат да ги обработуваат за соодветна цел.

13.3 Во одредени случаи, Ние би морале да ги чуваме Вашите Лични податоци за подолг период со цел да имаме точни податоци за Вашиот деловен однос со Нас и во случај на поплаки или спорови или доколку сме разумно убедени дека постои можност за судска постапка во која Вашите Лични податоци би биле потребни.

13.4 Времето на чување е во согласност со нашите деловни потреби и во согласност со применливите закони. Личните податоци кои не се потребни ќе бидат Псевдонимизирани или Анонимизирани или избришани/уништени.

## 14. КОЛАЧИЊА

14.1 Обработка на колачиња:

Колаче е мала текстуална датотека што веб страната ја зачувува на Вашиот компјутер или мобилен уред кога ја посетувате страницата. Тоа и овозможува на веб-страницата да ги запамети Вашите активности и параметри (како што се најава, јазик, големина на фонт и други прилагодувања на екранот), па затоа не мора повторно да ги внесувате кога ќе се вратите на страницата или пребарувате од една страница до друга.

**14.1.1 Колачиња на Интернет пребарувачот**

Нашата страница може да користи колачиња за да го подобри корисничкото искуство. Вашиот Интернет пребарувач зачувува колачиња на Вашиот компјутер за да ги чува посетите на страната. Може да изберете да ги одбиете колачињата или да добиете предупредување секогаш кога се испраќаат колачиња. Доколку сте ја одбрале оваа опција, одредени делови од страницата може да не функционираат како што треба.

Дополнително, нашите веб страни и мобилната апликација MyIute имаат имплементирано посебен дел за согласности овозможувајќи Ви да управувате согласно Вашите потреби. Несуштинските колачиња (пр. Аналитика, маркетинг) бараат изрична согласност, а тоа може да се управува преку поставките во рамки на мобилната апликација.

14.1.2. Аналитички колачиња од трети страни и Маркетинг колачиња

(а) Аналитички колачиња

**Google аналитички колачиња**

Ние користиме колачиња од Google Analytics платформата со цел прибирање на анонимни статистики за демографија и интереси. Овие извештаи се повеќе збирни податоци отколку што обезбедуваат идентификација на поединци, и ни помагаат да ја оптимизираме содржината на нашата Страница и создаваме таргетирани реклами за специфични групи. Посетителите може да го оневозможат Google Analytics на Google Display Network.

Колачињата од Google Analytics ни овозможуваат прибирање на анонимизирани податоци за однесувањето на корисниците на нашата Страница. Прибраните информации не содржат лични податоци и се пренесуваат и чуваат во софтверот на Google во согласност со политиката за приватност на Google.

14.1.3 Remarketing и Advertising Cookies

(а) Google AdWords Remarketing платформа
Ние користиме колачиња за онлајн рекламирање па платформата за онлајн маркетинг Google AdWords. Овие колачиња ни овозможуваат за да Ви покажеме реклами по посетата на нашиот сајт. Ова може да биде во форма на реклама на страната за пребарување на Google или на Google Display Network. Исто така ни помагаат да ја анализираме ефективноста на импресиите, интеракциите и посетите на поврзани страни. Можете да го прилагодите Google ad display преку поставките на Вашата Google сметка.

(б) AdForm Remarketing платформа

Ние користиме AdForm колачиња за онлјан рекламирање што ни овозможува да ви прикажеме таргетирани реклами на AdForm Display Network по посетата на нашата Страница. Овие колачиња ни помагаат да го анализираме влијанието на импресиите, интеракциите со рекламирањето и однесувањето на корисникот. Можете да управувате со вашите преференци за AdForm ad preferences преку нивните поставки за приватност.

(с) Facebook маркетинг и Remarketing платформа
Нашата Страница користи колачиња од Facebook за маркетинг и ремаркетинг цели. Овие колачиња ни овозможуваат Нас и на трети лица добавувачи, вклучувајќи го и Facebook да ви прикажуваме реклами откако ќе ја посетите нашата Странциа. Рекламите може да се појавуваат и на Facebook платформата, а колачињата се користат за анализа на интеракциите со рекламите со цел да ја подобриме нивната релевантност.

14.1.4 Аналитички (Engagement) и функционални (Usability) колачиња

(а) Microsoft Clarity

Ние користиме Microsoft Clarity на нашата Страница со цел анализирање на однесувањето на корисникот и подобрување на функционалноста на нашата Страница. Microsoft Clarity има поставеност на “first-party“ колачиња со кои се собираат податоци за сесијата, поврзува повеќекратни посети на страната во еден запис, како и идентификација на посетители кои прв пат ја посетуваат Страницата. Овие колачиња ни овозможуваат да подобро разбереме како корисниците комуницираат со нашата Страница.

Доколку колачињата се оневозможени во Вашиот прелистуваш, Clarity ќе додели единствен идентификационен број за секоја посета, што ќе оневозможи поврзување на посетите на Страницата како една сесија. Microsoft Clarity колачињата не прибираат лични податоци кои овозможуваат идентификација и се користат единствено за анализа на перформансот и подобрување на функционалностите.

(б) OptinMonster
Нашата Веб Страница користи колачиња од OptinMonster со цел подобрување на корисничкото

искуство и доставување на персонализирани маркетинг кампањи. Овие колачиња ги следат интеракциите на корисникот со поп-ап, форми и други алатки на страната, доставуваат насочена средина, избегнуваат повторувачки кампањи и обезбедуваат дека пораките се во согласност со преференците на корисникот. Додека овие колачиња прибираат анонимизирани податоци за однесувањето со цел подобрување на релевантноста и навременост на промотивните пораки, истите не прибираат лични податоци освен доколку не се доброволно доставени од корисникот (пр. Преку форми).

(в) Hotjar

Ние го користиме Hotjar во мобилната апликација MyIute app за подобро да го разбереме однесувањето на корисниците и да ја подобриме функционалноста на мобилната апликација и со тоа целокупното корисничко искуство. Hotjar собира збирни податоци преку технологија, вградена во мобилната апликација за да разбереме како корисниците комуницираат со одделните прикази на екранот, вклучувајќи кликнувања, гестови, движење и навигациските текови. Овие информации ни помагаат да ги идентификуваме проблемите со користењето, да ги анализираме трендовите на користење и да го оптимизираме функционирањето на мобилната апликација.

Hotjar е во состојба да ги препознава корисниците во текот на сесијата, разликувајќи нови корисници од повторни кориснци и обезбедува дека вградените алатки за фидбек во мобилната апликација се соодветно прикажани. Собраните податоци се анонимизирани и не овозможуваат директна идентификација на поединечени корисници. Hotjar не прибира директно податоци кои овозможуваат идентификација на клиенти освен доколку таквите податоци не се доброволно дадени од страна на самиот корисник (пр. Преку формите за фидбек).

14.2 Исклучување на колачињата

14.2.1 Може да се откажете од ремаркетинг со посета на линковите подолу:

(а) За Google: https://support.google.com/google-ads/answer/2375362?co=ADWORDS.IsAWNCustomer%3Dfalse&hl=en
(б) За Facebook: https://www.facebook.com/ads/website_custom_audiences/
(в) За AdForm: https://site.adform.com/privacy-center/platform-privacy/opt-out/

14.3 Управување и бришење на колачиња:

Вие можете да прифатите или одбиете колачиња со промена на поставките на Вашиот пребарувач. Доколку колачињата се оневозможени, Вие може нема да бидете во можност да ги користите сите интерактивни содржини на Нашата Веб страна.

14.4 Колачињата ни овозможуваат:

14.3.1 Да овозможиме Нашата Веб страна да работи согласно Вашите очекувања;
14.3.2 Да се запаметат Вашите поставки за време на посетата;
14.3.3 Постојано да ја подобруваме Веб страната за Вас;
14.3.4 Да ја подобриме нашата ефикасност во рекламирањето.
14.4 Ние не ги употребуваме колачињата за:
14.4.1 Собирање на Лични податоци за идентификација – ние секогаш бараме Ваша изрична дозвола кога и да собираме такви податоци;
14.4.2 Собирање на посебни категории на Лични податоци без ваша изрична согласност.

14.5 Незадолжителните колачиња не ги употребуваме за:

14.5.1. прибирање на податоци заради идентификација. За ова секогаш ќе Ви побараме изрична согласност.

14.5.2. прибирање на чувствителни лични податоци без Ваша изрична согласност.

14.6. Употребата на колачиња спаѓаат во неколку категории:

14.6.1. Колачиња за функционалности на веб страна и карактеристики на апликацијата

We use essential cookies to ensure the core functionality of our website and MyIute app. These cookies are necessary for the proper operation of our services and enable critical features such as secure login, navigation between pages, and remembering your preferences during a session.

Ние користиме колачиња за да ги направиме нашата Веб страна и мобилна апликација MyIute подобри. Овие колачиња се неопходни за соодветно управување со нашите услуги и овозможување на критичните каркатеристики како сигурна најава, навигирање помеѓу страни и зачувување на вашите преференци за време на сесија.

На пример:

- Со функционалните колачиња ние чуваме податоци кога Вие ќе се логирате на Веб страната или мобилната апликација за да не мора да се логирате секојпат кога ќе посетите различна страна/мени за време на сесијата.
- Помагаат во одржување на стабилноста и сигурноста на сајтот, обезбедувајќи дека функционира оптимално на уредите и пребарувачите.
- Одредени преференци или избори (на пр. Јазик или регион) се времено чувани заради подобрување на Вашето искуство за време на сесијата.

14.6.2. Аналитички колачиња:

Аналитичките програми употребуваат колачиња за прибирање статистички податоци кои ни овозможуваат да ја подобриме нашата Веб страна. Освен во случаите кога Вие изрично ќе не известите со пополнување на форма или ќе не повикате, сите податоци собрани со аналитички програми се чуваат анонимно и ние гледаме единствено општи, а не и специфични индивидуални податоци.

Примери:

- Како сте дошле до нашата Веб страна (пр. Од пребарувач, реклама итн.);
- Активностите кои Вие ги преземате на Веб страната, како на пример бројот на прегледани страни, времето потрошено на страната, на која страна посетителот ја напуштил Веб страната;
- Колку често се навраќате на нашата Веб страна;
- Употребената технологија од посетителите (пр. Пребарувач, оперативен систем, уред итн.).

14.7. За да дознаете повеќе за колачињата општо и како да ги управувате, ве молам посетете ја страната www.aboutcookies.org.

## 15. ВАШИТЕ ПРАВА ВО ВРСКА СО ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

15.1 Вие имате права во врска со Вашите Лични податоци, како правото да:

(а) Побарате од нас дополнителни информации за тоа како се користат Вашите податоци;

(б) Побарате од нас да Ви дозволиме пристап до Вашите Лични податоци и да Ви доставиме копија од истите;

(в) Ги добиете Вашите Лични податоци и кои Вие сте ни ги доставиле на структуриран, широко распространет и машински читлив формат и, кога е технички возможно, да се пренесат податоците

до друг контролор без пречки но само кога обработката на таа информација е заснована на Вашата согласност или договор и се спроведува автоматизирано;

(г) Побарате од нас ажурирање на било кој неточен податок кој го чуваме и да го корегираме / ажурираме;

(д) Побарате да ги избришеме или анонимизираме сите Ваши лични податоци за кои немаме повеќе законска обврска за обработка и/или чување;

(ѓ) Ја повлечете во секое време Вашата согласност за обработка на лични податоци кога обработката е заснована на Ваша согласност и во врска со директен маркетинг со цел да престанеме да ги обработуваме за таа цел од тогаш натаму;

(е) Вложите приговор на обработката за целите на автоматско донесување на поединечни одлуки, вклучително и профилирање, кога тоа значајно Ве засега, и имате можност да го остварите правото на обезбедување на човечка интервенција од страна на контролорот, право на изразување на личен став и право на оспорување на таквата одлука;

(ж) Побарате од нас ограничување на обработката на Вашите податоци, на пример за време на испитување на поплака.

15.2 Постапка за остварување на правата:

15.2.1. Можете да доставите барање за остварување на Вашите права до Контакт Лицата на еден од следните начини: на лице место, по пошта (вклучително и емаил), телефон или факс, како што е наведено во точка 1 погоре.

15.2.2. Секоја Ваша апликација или барање има приемен број, се разгледува, ние го потврдуваме Вашиот идентитет и правото кое што сакате да го остварите и одговараме во рок од еден месец од прием на барањето. Во случај на комплексен случај или за време на прием на бројни барања, периодот за одговор може да се продолжи за **дополнителни два месеци** за што ќе бидете известени. Во случај на одбивање на барањето, ние ќе ги наведеме причините за одбивање, писмено.

15.2.3. Остварувањето на овие права е предмет на одредени исклучоци, на пример во случај на заштита на јавниот интерес (пр. Спречување на кривични дела) или нашите интереси или правата и слободите на трети лица.

15.2.4. Доколку имате било какви други прашања во врска со Вашите податоци, **Ве молиме контактирајте не согласно наведеното во точка 1 погоре (Понеделник до Петок од 08:00 до 16:00 часот)**.

15.2.5. Доколку не сте согласни со нашиот првичен одговор, може да побарате дополнително разгледување на Вашиот случај. Нашиот Офицер за заштита на личните податоци ќе го разгледа Вашето барање пред преземање на понатамошни чекори.

15.2.6. Во случај да не сте задоволни со начинот на обработка на Вашите податоци или нашиот одговор при остварување на овие права, имате право да поднесете жалба до Агенцијата за заштита на личните податоци на: бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје, веб страна: **https://dzlp.mk/prizlnlp** . **Ве молиме обидете се да го решите прашањето претходно со нас,** иако имате право во секое време да контактираме со Агенцијата за заштита на личните податоци.

## 16. ПРОМЕНИ ВО ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ПРЕКИН НА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

16.1 Информирајте не веднаш во случај на промени во или неточност на Вашите Лични податоци доставени до Нас. На наше барање, доставете документ кој ќе ги докаже направените промени (пр. Нов документ за идентификација).

16.2 Се трудиме и вложуваме напор да вршиме редовни проверки на целосноста и точноста на Вашите Лични податоци.

17. **АЖУРИРАЊЕ НА ОВАА ПОЛИТИКА**

Од време на време, може да направиме измени на оваа Политика. Сите промени ќе се применуваат од кога ревидираната Политика ќе биде објавена на Веб страната, а ќе биде објавено и известување на Веб страната.

Институција за електронски пари ИУТЕ ПЕЈ ДООЕЛ Скопје